

# КАРПОШ
## неделен Е - БИЛТЕН




**ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН**
**ИЗГОТВУВА: ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ 16-31 окт 2025 Билтен бр. 609**

## ИЗВЕСТУВАЊЕ

**Се известуваат граѓаните на општина Карпош кои имаат започнати постапки по поднесени барања за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти, да постапат по доставените известувања за комплетирање на документацијата, со цел да се запази рокот на важност на Законот за постапување со бесправно изградени објекти (Закон за легализација на објекти), кој согласно членот 33 е до 03.03.2026 година. Истовремено ве известуваме дека постапките за утврдување на правен статус на бесправни објекти после наведениот датум нема да продолжат, односно ќе бидат одбиени.**

**Со почит,**

## ВО ТЕК Е ЕСЕНСКОТО ЗАЗЕЛЕНУВАЊЕ ВО КАРПОШ

**Во тек е акцијата за есенско зазеленување во Карпош, кое е во организација на Секторот за екологија и енергетска ефикасност при локалната самоуправа. Во рамки на еко акцијата, набавени се 160 високо стеблести автохтони и алохтони дрвја, од типот горски јавор, црвен јавор, ликвидамбар, црвена слива, албиција и јасен, кои ќе бидат засадени на територија на општината и на тој начин ќе се изврши ревегетација на парковите, односно старите и исушени дрвја, ќе се заменат со нови. За оваа намена, од општинскиот буџет издвоени се 700.000 денари.**

**Имено, Општината одвои средства од 1.200.000 денари и за набавка на повеќе видови ниско жбунести и ниско стеблести растенија кои ќе бидат за обновување на зелената површина на дел од локациите низ Карпош кадешто локалната самоуправа веќе има поставено системи за наводнување. Хортикултурно ќе се уредат и жардењерите и во Порта Влае како и на многу други локации низ Карпош, затоа што тоа е еден од главните фактори за постигнување на здрава и чиста животна средина.**

# УЧИЛИШТЕТО „IPS“ ЕСЕНСКИ ПРВАЦИ ВО КОШАРКА

**Заврши есенскиот дел во кошаркарската лига на Општина Карпош.**

**Училиштето „IPS“ есенски прваци во кошарка со освоени 16 бодови.**



# КАРПОШ – ОД ВИЗИОНЕР ДО ЛИДЕР ВО ЕНЕРГЕТСКАТА ЕФИКАСНОСТ

**Уште од 2008 година, Општина Карпош ја реализираше својата визија за трансформација на локалната заедница, преку примена на меѓународните регулативи и стандарди при изградба на енергетско – ефикасни објекти. Како резултат на преземените мерки и чекори, Карпош во 2009 година беше прогласен за енергетски – најефикасна општина во Република Македонија. Точно пред 17 години, Карпош беше првата локална самоуправа која во рамки на државата постави фасада на колективен станбен објект со сопствени средства. Досега, Општината има поставено енергетски фасади на 64 станбените згради на своја територија, што ја прави неприкосновен лидер во полето на енергетската ефикасност во Македонија и во регионот. Највидливите резултати, Карпош ги оствари преку соработка на проекти со невладината организација Хабитат – Македонија. Според последните надворешни мерења со обична и термовизиска камера кои ги спроведоа стручните служби од невладината Хабитат, на дел од фасадата во населбата Козле, јасно е прикажан ефектот од поставување на енергетско – ефикасната изолација.**

**Од приложените фотографии се забележува дека делот од фасадата каде има поставено изолација (со сина боја) е студен однадвор, што значи дека внатрешната топлина се задржува во становите и не „бега“ кон надворешниот ѕид. Другиот дел од фасадата каде што не е поставена изолација (со жолто-црвена боја) е потопол однадвор, бидејќи сета топлина се акумулира за тој дел од ѕидот. Токму заради градење на стабилен енергетски „екосистем“ како и поради другите социо – економски фактори, Карпош е една од најпосакуваните општини за живот во нашиот главен град.**



# ЗАЗЕЛЕНУВАЊЕ НА КАРПОШ СО УШТЕ 580 НИСКО СТЕБЛЕСТИ РАСТЕНИЈА

**По традиционалното есенско садење и зазеленување, изминативе денови, вклучувајќи и денеска, во општина Карпош се засадуваат ниско стеблести жбунести растенија. Садењето се врши на повеќе локации на територија на Карпош, вклучувајќи и дел од улицата Бледски  Договор, дел од Лептокарија, кружниот тек кај СУГС ,,Георги Димитров", околу ТЦ ,,Порта Влае" и други места.**

**Во организација на Секторот екологија и енергетска ефикасност, во рамки на есенското зазеленување беа насадени 160 стеблести дрвја ширум Карпош, а овие денови, дополнително се збогатува просторот со уште 580 ниско стеблести дрвја од видот на бухус, јуниперус, нандина принус чемпрес, еунимус, пхотинија, туја и други. За оваа намена, од општинскиот буџет издвоени се 1.200.000.00 денари.**



# СИТЕ УЧИЛИШТА ВО КАРПОШ ИМААТ ФОТОВОЛТАИЧНИ СИСТЕМИ

**Општина Карпош ги опреми десетте основни училишта на своја територија, со фотоволтаични централи кои произведуваат електрична енергија за свои потреби. Локалната самоуправа ја реализираше оваа иницијатива, откако претходно ја реновираше и кровната конструкција на сите училишни установи. Во случајов, училиштата и детските градинки  во Карпош се енергетски ефикасни објекти, со оглед на тоа што истите имаат поставено термичка изолација, прозорци со трослојно стакло, а некои од нив се загреваат на системи од обновливи извори на енергија.**

**Воедно, Општина Карпош е првата локална самоуправа во Македонија која постави хибридни колектори на детската градинка „Мајски цвет“ во Тафталиџе 2, кои служат за производство на електрична енергија и топла вода. Поточно, овие колектори произведуваат струја со моќност од 3,2 kw, а преку искористување на сончевата енергија се произведуваат и  300 литри санитарна топла вода, која се користи за потребите на кујната на оваа детска установа. Според планираната динамика, Општината ќе ги опреми и останатите детски градинки, кои заедно со основните училишта ќе бидат енергетски ефикасни и финансиски одржливи институции.**



# КАРПОШ КОРИСТИ ШТЕДЛИВО ЛЕД – ОСВЕТЛУВАЊЕ

**Водејќи се според развојната програма, Општина Карпош во 2023 година започна акција за менување на уличното осветлување на своја територија. За таа намена локалната самоуправа инсталираше 5.100 паметни ЛЕД – светилки кои ги заменија постоечките натриумови светилки во урбаниот и руралниот дел на општината. Специфично за овој тип на улично осветлување е тоа што за него се користи посебен софтвер за групна и индивидуална контрола, преку кој може да се управува и мониторира секоја светилка поединечно. Според иницијалните анализи, новиот имплементиран систем на улично осветлување кој го постави Општина Карпош, досега остварува заштеда на потрошувачка на енергија од 70% во однос на претходниот систем а очекувањата се да се достигнат 90% откако ќе се одделат светилките кои ги управува Градот Скопје од системот на Општината.**

**Во таа насока овој систем на управување нуди мониторинг на состојбата на мрежата во реално време преку web апликација. На тој начин може во секое време да се провери функционалноста на секоја светилка или пак да се детектира навремено дефектот. Така се намалува времето на интервенција при одржување на уличното осветлување, а исто така постои можност за лесно откривање на нелегални „диви“ потрошувачи и нивно автоматско исклучување од мрежата. Според работната динамика, Општината ќе инсталира уште 500 ЛЕД – светилки со кои ќе обезбеди целосна покриеност на своја територија.**



# ГРУПНА ИЗЛОЖБА НА ЛИКОВНИТЕ УМЕТНИЦИ ОД КАРПОШ

**Под мотото „Кога би насликал зборови“, дванаесет академски уметници од Карпош вчеравечер ги изложија своите ликовни творби во Галеријата на Детскиот ликовен центар, во рамки на Кинотеката на Македонија. На синоќешното отворање беа изложени делата преку кои авторите истражуваат како зборот може да се преточи во боја, форма и композиција. Изложбата која е под покровителство на Општина Карпош ја отвори Н.Е. Амбасадорот Јордан Плевнеш. Уметничките дела претставуваат спој на различни стилови, поетики и визуелни изрази, каде што секое дело е личен одговор на прашањето – што би се случило доколку зборовите добијат свој ликовен идентитет? Афирмираните ликовни уметници ги изработија своите дела во техниките масло на платно, акрил на платно, комбинирана техника, скулптури – обоено дрво во акрил, обоено дрво во комбиниранатехника и тродимензионална керамика.**

**Настанот има за цел да ја афирмира уметничката сцена на општина Карпош и да ја истакне креативната енергија која постои во оваа средина. Љубителите на уметноста ќе имаат можност да уживаат во визуелната поезија создадена од овие талентирани автори, во рамки на изложбата која ќе биде отворена за очите на јавноста до 10 ноември.**

